РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 08-1932/2
22.09 2017 год.
КРИВА ПАЛАНКА

# ЗАПИСНИК

Составен на ден 22.09.2017 година за извршено ждребовање за лепење на изборни плакати и друг промотивен материјал за локалните избори закажани за 15.10.2017 год..

Ждребувањето за лепење на плакати и истакнување на друг изборен рекламен материјал на одредени локации во град Крива Паланка согласно Одлуката донесена од Советот на Општина Крива Паланка и Објавата на ВЕБ страницата е извршено во присуство на членовите на комисијата за спроведување на ждребувањето одредена со решение бр.08-1932/1 од 21.09.2017 г. и составена од вработени лица од Општина Крива Паланка, и тоа

-Никола Граматиков, претседател на комисијата ;
-Јаготка Николовска, член;
-Иван Велиновски, член

како и овластени претставници од политичките партии и тоа:

Даниела Велковска, овластен претставник од Коалицијата на СДСМ и други политички партии;
Игор Додевски, овластен претставник од Коалицијата на ВМРО-ДПМНЕ и други политички партии;
Ѓорѓи Бошковски, овластен представник на Левица

Имајќи во предвид дека на лице место потпорните зидови за лепење на плакати и промотивни материјали без надомест се одредени и обележани со жолта боја со броеви од 1 до 8, редоследот по извршеното ждребовање е следниов:

**1. 2. 3. ВМРО ДПМНЕ и коалицијата**
**4. 5. 6. СДСМ и коалицијата**
**7. 8. Левица**

**За поставување на банери овластените представници се договорија локациите утврдени од страна на општината со непарен број да бидат за ВМРО и коалицијата, а локациите со парен број на СДСМ и коалицијата, освен за местата 5 и 6, како и 8 и 9 каде ќе биде спротивно. (непарни-СДСМ, парни ВМРО). Поставувањето ќе се врши според пропишана постапка за поставување на урбана опрема и плаќање на надоместок утврден со Одлука на Советот на општината.**

Присутните овластени претставници од политичките партии изјавија дека ќе го почитуваат редоследот за лепење на плакати и поставување на друг промотивен материјал (банери и сл.) за локалните избори во октомври 2017 година и истиот записник своерачно го потпишуваат.

| Комисија од Општина Крива Паланка: | Овластени претставници на политички партии: |
|---|---|
| Никола Граматиков | Даниела Велковска |
| Јаготка Николовска | Игор Додевски |
| Иван Велиновски | Ѓорѓи Бошковски |